# Службен весник на Република Македонија

**Број 14** **30 јануари 2012, понеделник** **година LXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 438. | **Указ** бр. 30 од Претседателот на Република Македонија……………… | 2 |
| 439. | **Уредба** за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп | 2 |
| 440. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон................................ | 7 |
| 441. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока...................... | 7 |
| 442. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за катастар на недвижности..................................................... | 8 |
| 443. | **Одлука** за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2012 година со цел промовирање на меѓуетнички односи.......... | 8 |
| 444. | **Одлука** за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2012 година......................... | 9 |
| 445. | **Одлука** за распределба на средствата за изградба на каскадни прегради на Река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров....................................... | 9 |
| 446. | **Одлука** за утврдување на геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија.................... | 10 |
| 447. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општината Зајас............................... | 10 |
| 448. | **Одлука** за престанок на користење и за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на општините...................................................... | 11 |
| 449. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на општината Пехчево............... | 12 |
| 450. | **Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.................. | 12 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 451. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење без надомест на недвижна ствар на Агенцијата за цивилно воздухопловство....................... | **12** |
| 452. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на ЈЗУ Клиника за ревматологија – Скопје.................................................... | **13** |
| 453. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на дел од недвижна ствар на Министерството за култура...... | **13** |
| 454. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на дел од недвижна ствар на здружение Ансамбл на народни игри и песни Орце Николов од Скопје................................................... | **14** |
| 455. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Управен одбор на Проектот за самовработување со кредитирање.................... | **14** |
| 456. | **Програма** за финансирање на Програмските активности на здруженијата и фондациите за 2012 година......... | **14** |
| 457. | **Исправка** на Национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2012 година............ | **17** |
| 458. | **Упатство** за изменување на Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет... | **19** |
| 459. | **Правилник** за начинот на означување, формата и содржината на печатот, како и содржината на етикетата на труповите на говедата(*)..................... | **19** |
| 460. | **Правилник** за начинот на обработка на трупот за оцена како и начинот и методите на одредување на квалитетот со категоризација на говедата и класирањето на труповите и половинките на говедата(*)............................... | **20** |
| 461. | **Правилник** за методите за одредување на меснатоста на труповите на закланите свињи(*).................................... | **23** |
| 462. | **Правилник** за декларирање и означување на другите производи за заштита на растенијата пласирани на пазарот | **25** |
| 463. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за издавање дозвола за вршење на работи поврзани со традиционална и комплементарна медицина, активности на кожа (користење на солариуми, трајно отстранување на влакна и други активности за нега и разубавување) или активности со кои се продира во кожата (тетовирање, пирсинг, трајна шминка и акупунктура, употреба користење на ботокс, нехируршка липосукција и користење на ласер)............ | **25** |
| 464. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | **27** |
| | **Огласен дел............................................** | **1-52** |


## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**438.**

**УКАЗ БР.30**
30 јануари 2012 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

**СЕ ОДЛИКУВААТ**

членовите на Македонската ракометна репрезентација

- ракометарите:

ДЕЈАН МАНАСКОВ, СТОЈАНЧЕ СТОИЛОВ, СТЕВЧЕ АЛУШОВСКИ, КИРИЛ ЛАЗАРОВ, ВЛАТКО МИТКОВ, АЦЕ ЈОНОВСКИ, БРАНИСЛАВ АНГЕЛОВСКИ, ВЛАДИМИР ТЕМЕЛКОВ, ФИЛИП МИРКУЛОВСКИ, ВЕЛКО МАРКОСКИ, ЗЛАТКО МОЈСОСКИ, БОРКО РИСТОВСКИ, НИКОЛА МАРКОСКИ, НАУМЧЕ МОЈСОВСКИ, ВАНЧО ДИМОВСКИ, ПЕТРЕ АНГЕЛОВ, ФИЛИП ЛАЗАРОВ и

- стручниот тим:

ЗВОНКО ШУНДОВСКИ, АНДОН БОШКОВСКИ, МИХАЈЛО ИВАНОВСКИ, НЕБОЈША НАСТОВ, РОБЕРТ ВЕЛЧЕВСКИ, ВЛАТКО ИЛИЕСКИ, МИХАЈЛО МИХАЈЛОВСКИ, МАРЈАН НАЧЕВСКИ ДРАГАН НАЧЕВСКИ, НИКОЛА ПАНЧЕВСКИ, НИКОЛА ЉУШЕВ, ИВА ЧАДИКОВСКА, СТЕФАНЧО КОРУНОВСКИ

со МЕДАЛ ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА

за постигнатите врвни резултати во ракометот на меѓународен план, со што дадоа исклучителен придонес за развој и популаризација на овој спорт во земјата и афирмација на Република Македонија во светот.

Бр. 10-183
30 јануари 2012 година
Скопје

Претседател
Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**439.**

Врз основа на член 15 став (6) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП**

Член 1

Во Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп („Службен весник на Република Македонија“ број 102/2011 и 169/2011), членот 4-а се менува и гласи:

„Во постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање, висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за отуѓување на градежно земјиште, односно 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за давање под закуп на градежно земјиште, но не помалку од 10 денари, со заокружување до најблискиот цел број во случаите кога висината на минималниот чекор претставува децимален број.“.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Регион VI | 1 Арачиново<br>2 Босилово<br>3 Брвеница<br>4 Василево<br>5 Вевчани<br>6 Вранештица<br>7 Врапчиште<br>8 Градско<br>9 Дебарца<br>10 Долнени<br>11 Другово<br>12 Желино<br>13 Зајас<br>14 Зелениково<br>15 Зрновци<br>16 Јегуновце<br>17 Боговиње<br>18 Карбинци<br>19 Конче<br>20 Кривогаштани<br>21 Липково<br>22 Лозово<br>23 Маврово и Ростуша<br>24 Могила<br>25 Новаци<br>26 Ново Село<br>27 Осломеј<br>28 Петровец<br>29 Пласница<br>30 Ранковце<br>31 Росоман<br>32 Сопиште<br>33 Старо Нагоричане<br>34 Студеничани<br>35 Теарце<br>36 Центар Жупа<br>37 Чашка<br>38 Чешиново-Облешево<br>39 Чучер-Сандево | Висина на почетни цени по бони | Седиште на општина | 61,00 | 61,00 | 350,00 | 61,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 61,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 100,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 61,00 |
| | | | Населени места во општините | 61,00 | 61,00 | 200,00 | 61,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 61,00 | 50,00 | 50,00 | 50,00 | 50,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 61,00 | 50,00 | 130,00 | 130,00 | 100,00 | 61,00 |

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА МИНИМАЛНИ ПОЧЕТНИ ЦЕНИ ПО КОИ СЕ ОТУЃУВА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

| Реон | Општина | | Зона | А - домување | | | | Б - комерцијални и деловни намени | | | | | В - јавни институции | | | | Г - производство, дистрибуција и сервиси | | | | Д - спорт и рекреација | Е - инфраструктура | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | А0 - домување во станбени куќи | А1 - домување во станбени куќи | А2 - домување во станбени згради | А4 - времено сместување | Б1 - мали комерцијални и деловни дејности | Б2 - големи трговски единици | Б3 - големи угостителски единици | Б4 - деловни дејности | Б5 - хотелски дејности | В1 - образование | В2 - здравство и социјална заштита | В4 - државни институции | В5 - верски институции | Г1 - тешка и загадувачка индустрија | Г2 - лесна и незагадувачка индустрија | Г3 - сервиси | Г4 - стоваришта | Д3 - спорт и рекреација | Е1 - комунална инфраструктура | Е2 - комунална супраструктура | Е3 - некомпатибилна инфраструктура |
| Реон I | 1 Карпош; 2 Центар | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 7200,00 | 7200,00 | 14400,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 19200,00 | 1800,00 | 1800,00 | 1800,00 | 1800,00 | 7200,00 | 7200,00 | 7200,00 | 7200,00 | 6000,00 | 10000,00 | 10000,00 | 10000,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 6400,00 | 6400,00 | 12800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 17800,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 6000,00 | 6000,00 | 6000,00 | 6000,00 | 4800,00 | 8400,00 | 8400,00 | 8400,00 |
| | | | Населено и воннаселено место | 4800,00 | 4800,00 | 9600,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 3200,00 | 5600,00 | 5600,00 | 5600,00 |
| Реон II | 1 Аеродром; 2 Бутел; 3 Гази Баба; 4 Ѓорче Петров; 5 Кисела Вода; 6 Чаир; 7 Тетово; 8 Охрид | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 6400,00 | 6400,00 | 12800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 16800,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 1500,00 | 6000,00 | 6000,00 | 6000,00 | 6000,00 | 4800,00 | 8400,00 | 8400,00 | 8400,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 4800,00 | 4800,00 | 9600,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 12800,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1300,00 | 3600,00 | 3600,00 | 3600,00 | 3600,00 | 3200,00 | 5600,00 | 5600,00 | 5600,00 |
| | | | Населено и воннаселено место | 2400,00 | 2400,00 | 5600,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 8000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1200,00 | 1200,00 | 1200,00 | 1200,00 | 1600,00 | 2800,00 | 2800,00 | 2800,00 |
| Реон III | 1 Битола | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 1450,00 | 1450,00 | 2800,00 | 3200,00 | 4300,00 | 4300,00 | 4300,00 | 4300,00 | 4300,00 | 1100,00 | 1100,00 | 1100,00 | 1100,00 | 1450,00 | 1450,00 | 1450,00 | 1450,00 | 1300,00 | 1050,00 | 1050,00 | 1050,00 |
| | 2 Струмица | | Вонцентрално подрачје | 950,00 | 950,00 | 2100,00 | 3000,00 | 3800,00 | 3800,00 | 3800,00 | 3800,00 | 3000,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 1000,00 | 900,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 |
| | 3 Гевгелија | | Населено и воннаселено место | 650,00 | 650,00 | 1100,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 1600,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 110,00 | 110,00 | 110,00 | 110,00 | 400,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 |
| Реон IV | 1 Кичево; 2 Гостивар; 3 Куманово; 4 Струга; 5 Прилеп; 6 Штип; 7 Кавадарци; 8 Кочани; 9 Велес | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 1000,00 | 1000,00 | 2000,00 | 3400,00 | 3400,00 | 3400,00 | 3400,00 | 3400,00 | 3400,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 1050,00 | 1050,00 | 1050,00 | 1050,00 | 900,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 650,00 | 650,00 | 1300,00 | 2200,00 | 2200,00 | 2200,00 | 2200,00 | 2200,00 | 2200,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 550,00 | 550,00 | 550,00 | 550,00 | 300,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 |
| | | | Населено и воннаселено место | 400,00 | 400,00 | 600,00 | 900,00 | 900,00 | 900,00 | 900,00 | 900,00 | 900,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 90,00 | 90,00 | 90,00 | 90,00 | 250,00 | 300,00 | 300,00 | 300,00 |
| Реон V | 1 Крива Паланка; 2 Дебар; 3 Виница; 4 Неготино; 5 Радовиш; 6 Ресен; 7 Сарај; 8 Шуто Оризари; 9 Свети Николе; 10 Берово; 11 Македонски Брод; 12 Дојран; 13 Валандово; 14 Делчево; 15 Демир Хисар; 16 Кратово; 17 Крушево; 18 Пробиштип; 19 Богданци; 20 Демир Капија; 21 Македонска Камени; 22 Пехчево; 23 Илинден | Висина на почетни цени по зони | Централно подрачје | 500,00 | 500,00 | 1200,00 | 1600,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 2400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 300,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 |
| | | | Вонцентрално подрачје | 300,00 | 300,00 | 700,00 | 1300,00 | 1300,00 | 1900,00 | 1900,00 | 1900,00 | 1900,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 300,00 | 300,00 | 300,00 | 300,00 | 150,00 | 300,00 | 300,00 | 300,00 |
| | | | Населено и воннаселено место | 150,00 | 150,00 | 400,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 500,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 80,00 | 80,00 | 80,00 | 80,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 |

| Регион | Општини | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Регион VI | 1 Арачиново<br>2 Босилово<br>3 Брвеница<br>4 Василево<br>5 Вевчани<br>6 Вранештица<br>7 Врапчиште<br>8 Градско<br>9 Дебарца<br>10 Долнени<br>11 Другово<br>12 Желино<br>13 Зајас<br>14 Зелениково<br>15 Зрновци<br>16 Јегуновце<br>17 Боговиње<br>18 Карбинци<br>19 Конче<br>20 Кривогаштани<br>21 Липково<br>22 Лозово<br>23 Маврово и Ростуша<br>24 Могила<br>25 Новаци<br>26 Ново Село<br>27 Осломеј<br>28 Петровец<br>29 Пласница<br>30 Ранковце<br>31 Росоман<br>32 Сопиште<br>33 Старо Нагоричане<br>34 Студеничани<br>35 Теарце<br>36 Центар Жупа<br>37 Чашка<br>38 Чешиново-Облешево<br>39 Чучер-Сандево | Висина на почетни цени по зони | Седишта на општина | 300,00 | 300,00 | 550,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 800,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 150,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 150,00 | 200,00 | 200,00 | 200,00 |
| | | | Населени места во општините | 150,00 | 150,00 | 300,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 400,00 | 80,00 | 80,00 | 80,00 | 80,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 70,00 | 80,00 | 130,00 | 130,00 | 130,00 |

**440.**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2005, 4/2008, 48/2010, 158/2010, 44/2011,53/2011, 11/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.12.2011 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН**

Член 1

Во Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 141/2011, 147/2-011 и 158/2011), по членот 204 се додава нов член 204-а кој гласи:

„Член 204-а

Одредбите на членовите 2, 3, 6 до 9, 11 до 18, 20 до 22, 33, 35, 36, 40 став (2), 42, 44, 46, 77 до 80, 82 до 84, 106, 115, 123, 154, 158, 168 до 170, 176 до 179, 183 до 186, 188 до 190, 194, 196 до 203 на оваа Уредба ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Одредбите на членовите 155, 180, 181, 191, 192, 193, 195 и прилогот 60 од член 204 на оваа Уредба ќе отпочнат да се применуваат од 1 јули 2012 година.

Одредбите на членовите 1, 4, 5, 10, 19, 23 до 32, 34, 37 до 39, 40 став (1), 41, 43, 45, 47 до 76, 81, 85 до 105, 107 до 114, 116 до 122, 124 до 153, 156, 157, 159 до 167, 171 до 175, 182, 187 и 204 на оваа Уредба ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2013 година.“

Член 2

Во член 205 запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-7766/1
27 декември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**441.**

Врз основа на член 68 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБА, ДИСТРИБУЦИЈА И РЕВИЗИЈА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА**

Член 1

Во Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/2010, 129/2010 и 106/2011) во член 4 став (4) во алинејата 4 зборовите “и повисоки стандарди” се заменуваат со зборовите “ЕУРО 6“ безбедно“ возило“.

Член 2

Во член 7 во ставот (2) зборовите “и ЕУРО 5“ безбедно“ возило и повеќе“ се заменуваат со зборовите“, ЕУРО 5 “безбедно“ возило и ЕУРО 6 “безбедно” возило“.

Член 3

Во член 8 во ставот (2) зборовите “и 5“ се заменуваат со зборовите “, 5 и 6“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) Во случај на поголем број поднесени барања по електронски пат за распределба на годишни ЕКМТ дозволи од став (2) на овој член, се применува правилото на приоритет за новонабавени возила во периодот од 16.10 до 31.12 од претходната година и во годината во која се поднесува барањето при што последно новонабавени возила имаат предност во распределбата.

Новонабавено возило е возило чија прва регистрација на територијата на Република Македонија не е постара од една година.“

Член 4

Во член 19 во ставот (1) се менува и гласи:

(1)Критериумот од член 68 став (2) точка 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај- број и квалитет на возниот парк за ЕКМТ дозволи од Е4 – Е6 , се применува така што за секое влечно возило од возниот парк се одредуваат бодови и тоа за:

1.Еуро 6 “безбедно“ возило (Е6) – 25 бода
2.Еуро 5 “безбедно“ возило (Е5) - 20 бода,
3.Еуро 4 “безбедно“ возило (Е4) - 15 бода.

Ставот (2) се менува и гласи:

“(2)Доколку со влечното возило Е4, Е5 и Е6, превозникот има и приклучно возило се додаваат уште 10 бода по возило.“

Член 5

Членот 20 се менува и гласи:

“Критериумот од член 68 став (2) точка 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај - број на возачи во редовен работен однос кои поседуваат соодветен сертификат, се применува така што секој возач вработен во редовен работен однос кој поседува сертификат за оспособеност на возачите за меѓународен превоз се бодира со четири бода, при што бодовите се доделуваат најмногу за два возача по товарно моторно возило споредено со вкупниот возен парк на превозникот почнувајќи од најнискиот кон повисокиот Еуро стандард на моторните товарни возила за првата посада, а во случај на поголем број на возачи се доделува по еден возач плус почнувајќи од повисокиот кон понискиот Еуро стандард на моторните товарни возила.“

Член 6

Во член 27 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3)При утврдено неправилно користење на поединечни транспортни дозволи од член 21 став (2) на оваа уредба, на превозникот не му се доделува поединечна транспортна дозвола од ист вид. “

Член 7

Во член 37 во ставот (4) се додава нова реченица која гласи:

"(4) Превозник кој во сопственост има едно товарно моторно возило може да добие најмногу три критични поединечни транспортни дозволи од различен вид."

Член 8

Во член 38 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

"(5) Превозник кој нема да постапи согласно став (3) и (4) од овој член нема да може да поднесува барање за добивање на поединечни транспортни дозволи во тековната година за видот на дозволите кои не се евидентирани како вратени се до нивното враќање во Министерството за транспорт и врски."

Член 9

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-8424/1-11
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**442.**

Врз основа на член 27-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда му престанува користењето на недвижна ствар – деловен простор бр.13 со површина од 93 м2 на КП 15104, кој се наоѓа на ул. „Димитар Влахов" во Охрид, зграда 1, влез 1, приземје, запишан во Имотен лист бр.89154 КО Охрид 3, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за правда и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-43/1
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**443.**

Врз основа на член 20, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија„ бр.180/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.01.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ЗА 2012 ГОДИНА СО ЦЕЛ ПРОМОВИРАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ

1. Со оваа одлука се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2012 година, раздел 04010 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, програма 2, потпрограма 21 - Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463 - трансфери до невладини организации кои се наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, со цел за промовирање на меѓуетнички односи, во вкупен износ од 12.000.000 денари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, преку грантови за програми (проекти) во следниве приоритетни области:

- проекти наменети за градење доверба меѓу различните етнички заедници;
- проекти наменети за промоција на успешен соживот кај различните етнички заедници;
- проекти наменети за унапредување на меѓуетничката соработка во областа на културата, спортот и образованието;
- проекти наменети за унапредување на меѓуетничката толеранција;
- проекти наменети за унапредување на имплементацијата на Рамковниот договор;
- проекти наменети за анализа и мониторинг на имплементацијата на Рамковниот договор.

3. Грантовите за проектите ќе се доделуваат, во горенаведените приоритетни области, во различни суми но во висина најмногу до 600.000,00 денари.

4. За реализација на оваа одлука е задолжен Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

5. Здруженијата и фондации на кои ќе им бидат доделени средства согласно Одлуката, во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности е потребно да достават извештај за начинот на користење на средствата до Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, најдоцна до 30 ноември 2012 година.

6. Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор ќе достави Извештај за реализација на Одлуката до Владата на Република Македонија, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 1.01.2013 година.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-68/1
23 јануари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**444.**

Врз основа на член на 42 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 37/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010 и 36/29011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2012 ГОДИНА

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2012 година изнесува 73,8 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2012 година.

Бр. 41-78/1
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**445.**

Врз основа на член 28, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 180/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.01.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА КАСКАДНИ ПРЕГРАДИ НА РЕКА ВАРДАР ЗА ОПШТИНИТЕ САРАЈ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

1. Од средствата во Буџетот на Република Македонија за 2012 година, утврдени во Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3А-Каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, во износ од 53.000.000,00 денари, согласно Одлуката за распределба на средства за изградба на каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2011, да се исплатат неисплатените средства од 2011 година на:

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
- За изградба на канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров 6.014.275,00

2. Остатокот од средствата, утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2012 година, Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3А-Каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, во износ од 46.985.725,00 денари, се распределуваат на:

ОПШТИНА САРАЈ
- За изградба на колекторските системи во населените места Грчец, Глумово, Шишево во општина Сарај 21.000.000,00

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
- За изградба на канализациона мрежа во општина Ѓорче Петров 25.985.725,00

ВКУПНО: 53.000.000,00

3. Средствата од точка 1 и точка 2 на оваа одлука се користат како учество на Република Македонија за изградба на каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров.

4. Исплатата на средствата од точка 1 на оваа одлука ја врши Министерството за транспорт и врски, по претходно доставено барање со комплетна и заверена документација за наменско користење на средствата од страна на општина Ѓорче Петров во 2011 година.

5. Исплата на средствата од точка 2 на оваа одлука ја врши Министерството за транспорт и врски, по претходно доставено барање со комплетна и заверена документација за наменско користење на средствата од страна на општина Сарај и општина Ѓорче Петров.

6. Барањата со комплетна и заверена документација за наменско користење на средствата, општините Сарај и Ѓорче Петров ги доставуваат до Министерството за транспорт и врски, заклучно со 30.11.2012 година.

7. Исплата на средства од точка 2 на оваа одлука за изведување на градежните работи во врска со изградба на колекторските системи во населените места Грчец, Глумово, Шишево во општина Сарај и изградба на канализациона мрежа во општина Ѓорче Петров, нема да се врши авансно.

8. Министерството за транспорт и врски за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за изведените градежни работи во врска со изградба на колекторските системи во населените места Грчец, Глумово, Шишево во општина Сарај и изградба на канализациона мрежа во општина Ѓорче Петров, при реализација на оваа одлука.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-87/1
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**446.**

Врз основа на член 8 став 1 алинеја 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/08, 158/10 и 51/11) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија се утврдуваат работите за изработка на ажурирани геодетски подлоги за локации за туристичко развојни зони и тоа: општина Дојран - КО НОВ ДОЈРАН со површина од 28ha; општина Дојран -КО СТАР ДОЈРАН со површина од 21ha; општина Охрид - КО ЉУБАНИШТА со површина од 81ha; општина Охрид - КО ОХРИД 4 со површина од 34ha; општина Струга - КО СТРУГА со површина од 30ha; општина Струга - КО КАЛИШТА со површина од 24ha; општина Ресен - КО ОТЕШЕВО со површина од 80ha; општина Ресен - КО СТЕЊЕ со површина од 11ha.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-290/1
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**447.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.01.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНАТА ЗАЈАС**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за локална самоуправа, му престанува користењето на движни ствари (огревни дрва), со следните карактеристики :

| Опис на движните ствари | Единица | Количина | Цена за 1m3 | Вредност (денари) |
|---|---|---|---|---|
| Дабови огревни дрва | m3 | 180 | 2.970,00 | 534.600,00 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на општината Зајас.

Член 3

Министерот за локална самоуправа склучува договор со градоначалникот на општината Зајас, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-406/1
28 јануари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**448.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07 и 35/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.1.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНИТЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Секретаријатот за европски прашања му престанува користењето на движните ствари - 23 (дваесет и три) училишни автобуси, обезбедени во рамки на проект финансиран од НР Кина и се пренесуваат во сопственост, без надомест на следните општини, и тоа:

| Реден број | Општина | Број на шасија на автобус | Боја на автобус | Количина -автобус | година на производство |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | LZYTDTD66B1027951 | жолта | 1 | 2011 |
| 2 | Битола | LZYTDTD68B1027952 | жолта | 1 | 2011 |
| 3 | Куманово | LZYTDTD6XB1027953 | жолта | 1 | 2011 |
| 4 | Велес | LZYTDTD61B1027954 | жолта | 1 | 2011 |
| 5 | Демир Капија | LZYTDTD63B1027955 | жолта | 1 | 2011 |
| 6 | Кавадарци | LZYTDTD65B1027956 | жолта | 1 | 2011 |
| 7 | Кичево | LZYTDTD67B1027957 | жолта | 1 | 2011 |
| 8 | Кочани | LZYTDTD69B1027958 | жолта | 1 | 2011 |
| 9 | Крива Паланка | LZYTDTD60B1027959 | жолта | 1 | 2011 |
| 10 | Ресен | LZYTDTD67B1027960 | жолта | 1 | 2011 |
| 11 | Маврово, Ростуше | LZYTDTD69B1027961 | жолта | 1 | 2011 |
| 12 | Врапчиште | LZYTDTD60B1027962 | жолта | 1 | 2011 |
| 13 | Пехчево | LZYTDTD62B1027963 | жолта | 1 | 2011 |
| 14 | Прилеп | LZYTDTD64B1027964 | жолта | 1 | 2011 |
| 15 | Ранковце | LZYTDTD66B1027965 | жолта | 1 | 2011 |
| 16 | Свети Николе | LZYTDTD68B1027966 | жолта | 1 | 2011 |
| 17 | Штип | LZYTDTD6XB1027967 | жолта | 1 | 2011 |
| 18 | Липково | LZYTDTD61B1027968 | жолта | 1 | 2011 |
| 19 | Теарце | LZYTDTD6XB1027970 | жолта | 1 | 2011 |
| 20 | Желино | LZYTDTD61B1027971 | жолта | 1 | 2011 |
| 21 | Студеничани | LZYTDTD63B1027972 | жолта | 1 | 2011 |
| 22 | Сарај | LZYTDTD65B1027973 | жолта | 1 | 2011 |
| 23 | Радовиш | LZYTDTD63B1027969 | жолта | 1 | 2011 |

Член 2

Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања склучува договор со градоначалникот на секоја од општините наведени во член 1 од оваа одлука, со кој се уредуваат правата и обврските за двините ствари од овој член .

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-493/1
28 јануари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**449.**

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНАТА ПЕХЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за локална самоуправа му престанува користењето на недвижната ствар - Зграда 1 на КП бр. 985 со пристапен влез од северна страна, кат 1 со површина од 123 м2 и со помошна просторија (балкон) со површина од 7 м2, која се наоѓа западно од пристапниот влез на зградата 1; приземје со површина од 30 м2 кој се наоѓа лево, право и десно од пристапниот влез на зградата 1 и гаража со површина од 65 м2, која се наоѓа јужно од пристапниот влез на зградата 1, и земјиште под зграда, во површина од 164 м2, запишана во Имотен лист бр. 2620 КО Пехчево, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на времено користење без надомест на општината Пехчево за период од 10 години.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за локална самоуправа и општината Пехчево во рок од 15 дена од денот на влегувањето на сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-6644/1-11
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**450.**

Врз основа на член 91 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНИТЕ КНИГИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Се запишува деловен простор означен на КП 5139 КО Гостивар 2, зграда 1, влез 1, приземје со вкупна корисна површина од 499 м2, на ул. „Мајор Чеде Филиповски“ бб-Гостивар, согласно геодетски елаборат со деловоден број 03-Сл од 8.11.2011 година, во корист на Република Македонија во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-8115/1-11
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**451.**

Врз основа на член 27-а, став 2 од Законот за користење и располагање состварите во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката, му престанува користењето на недвижната ствар - деловен простор (мезанин со површина од 645 м2 шифра осн.сред. 72-020-003-01, на КП 13472, КО Центар 1, со Имотен лист бр. 44989) кој се наоѓа на ул. „Даме Груев“ бр. 1 во Скопје, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и

деловен простор од значење за Републиката и Агенцијата за цивилно воздухопловство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-8125/1-11
23 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**452.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.1.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈЗУ КЛИНИКА ЗА РЕВМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за образование и наука му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Шифра | Назив на материјал | Количина |
|---|---|---|
| | | |
| 17200 | Elisys Duo<br>Сериски број: 00000 (1,00)<br><br>Потполно автоматски ELISA (Enzyme-linked immunosorbent assay) анализатор.<br>Можност за отчитување на 2 микротитарски плочи со по 96 позиции. | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава на трајно користење на ЈЗУ Клиника за ревматологија – Скопје, без надомест.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со директорот на ЈЗУ Клиника за ревматологија – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-8553/1-11
17 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**453.**

Врз основа на член 27 – а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.1.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Национална установа Македонски народен театар од Скопје му престанува користењето на дел од недвижна ствар – подрум, влез 1, зграда 1, со вкупна површина од 953 м2, лоцирана на ул. Димитар Влахов б.б. КП бр.9505, КО Центар 1, евидентирано во Имотен лист бр. 40986, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Дел од недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава без надомест на времено користење за период до десет години на Министерството за култура.

Член 3

Примопредавањето на дел од недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Националната установа Македонски народен театар од Скопје и Министерството за култура во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-8557/1-11
17 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**454.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.1.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖНА СТВАР НА ЗДРУЖЕНИЕ АНСАМБЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ ОРЦЕ НИКОЛОВ ОД СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа Одлука на досегашниот корисник Министерството за култура му престанува користењето на дел од недвижна ствар – подрум, влез 1, зграда 1, со вкупна површина од 953 м2, лоцирана на ул.Димитар Влахов б.б. КП бр.9505, КО Центар 1, евидентирано во Имотен лист бр. 40986, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Дел од недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава без надомест на времено користење за период до десет години на Здружението Ансамбл на народни игри и песни Орце Николов од Скопје.

Член 3

Примопредавањето на дел од недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за култура и Здружението Ансамбл за народни игри и песни Орце Николов од Скопје во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-8557/2-11
17 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**455.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА УПРАВЕН ОДБОР НА ПРОЕКТОТ ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ СО КРЕДИТИРАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за формирање на Управен одбор на Проектот – Самовработување со кредитирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/08, 154/08, 26/10, 72/10 и 166/10), во член 1 став 1 зборот „пет“ се заменува со зборот „осум“.

По точката 5 се додаваат три нови точки 6, 7 и 8 кои гласат:

„6. Маријана Ѓореска – претставник од Централен регистар на Република Македонија;

7. Татјана Банишка Митровска - претставник од Управа за јавни приходи и

8. Анета Димовска - претставник од Министерството за финансии.“

Во став 2 зборот „пет“ се заменува со зборот „осум“.

По точката 5 се додаваат три нови точки 6, 7 и 8 кои гласат:

„6. Ленче Петрова Киранџиска - претставник од Централен регистар на Република Македонија;

7. Севдие Исмаили - претставник од Управа за јавни приходи и

8. Благоја Ташаминов - претставник од Министерството за финансии.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-8565/1-11
23 јануари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**456.**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010 и 135/2011) и член 18 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.1.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2012 ГОДИНА

1. Со оваа Програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2012 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 15 000 000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку грантови за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

| | Опис на приоритет | Вкупен износ во денари | Број на грантови | Износ на средства по грант |
|---|---|---|---|---|
| I | Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење, преку:<br>• Подобрување на бизнис климата и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси;<br>• Зголемување на странските и домашните инвестиции;<br>• Спроведување на активни политики за вработување со кои се делува врз знаењето и квалификациите на понудата на работна сила;<br>• Искористување на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност;<br>• Спроведување на политиката за рамномерен регионален развој;<br>• Натамошна поддршка на развојот на земјоделството и развојот на руралните средини;<br>• Промоција на културниот идентитет во функција на препознатливост на Република Македонија во меѓународни рамки и развој на туризмот;<br>• Заштита и соодветно управување со културното наследство и негова ревитализација со цел да се потикне социоекономскиот развој на национално и локално ниво;<br>• Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики;<br>• Одржливо управување со природните ресурси, заштита на природата и планирање на просторот;<br>• Зголемување на контролата на индустриското загадување;<br>• Зголемување на инвестициите во животната средина. | 10.312.500,00 | 33 | 312.500,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| II | Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет, преку:<br>• Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на регионалната соработка и добрососедските односи;<br>• Јакнење на надворешната, безбедносната и одбранбената политика;<br>• Зголемување на учеството во политиките на ЕУ во областа на надворешните односи, особено во развојната политика и хуманитарната помош;<br>• Зголемување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администарција;<br>• Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ;<br>• Зајакнување на капацитетите за спроведување на европското законодавство, согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА);<br>• Јакнење на транспарентната, независна и разновидна медиумска средина. | 1.562.500,00 | 5 | 312.500,00 |
| III | Продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото, преку:<br>• Унапредување на заштитата на фундаменталните човекови права;<br>• Зајакнување на довербата на сите заедници во полицијата;<br>• Јакнење на борбата против тероризмот и организираниот криминал;<br>• Јакнење на административните капацитети за борба со прекуграничниот криминал и корупција;<br>• Јакнење на демократијата и владеењето на правото. | 1.562.500,00 | 5 | 312.500,00 |
| IV | Инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава, преку:<br>• Поголемо искористување на потенцијалите на информатичкото општество за подигање на нивото на писменост, зголемување на креативноста и иновативноста и пристап до образование и обуки;<br>• Подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување на стратегиите и реформите во образованието и науката;<br>• Осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на трудот и развој на економијата. | 1.562.500,00 | 5 | 312.500,00 |

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно Програмата, по завршувањето на своите програмски активности ќе доставаат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31. 01. 2013 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе достави Извештај за реализација на Програмата до Владата на Република Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28. 02. 2013 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-8231/1-11
28 јануари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**457.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2012 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија” бр.8/2012, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА**

Составен дел на Национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2012 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија” бр.8/2012 е следниов прилог.

ПРИЛОГ 1:

Бр. 51-8366/2-11
26 јануари 2012 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

**3. Следење, контрола и релизација на плановите за спроведувањето на континуирана имунизација** преку теренски увиди во 10-те Центри за јавно здравје најмалку еднаш годишно.

Индикатор : извештај
Рок на известување : квартално

4. Подготвува и доставува стандарди и методолошки упатства, односно Програми за контрола, елиминација и ерадикација на определени заразни заболувања, а во согласност со препораките, стандардите и методолошките упатства на СЗО, ЕЦДЦ и др. референтни институции.

5. Информирање за трендовите на движење на заразните заболувања против кои се врши задолжителна имунизација кај нас, во соседните земји, Европа и во светот.

Индикатор: доставени информации , упатства, препораки и стандарди
Рок на известување: квартално

*6. Спроведување на мерки за спречување на внесување и сузбивање на маларија ,тропски, карантински и паразитарни заболувања во Република Македонија*

6.1 Редовно следење на движењето на маларија,тропски, карантински и паразитарни заболувања во светот а посебно во земјите со кои нашата земја одржува тесни економски, културни и други врски и следење на препораките на СЗО, дадени во документот „Меѓународни Патувања и Здравје“ и информирање за тековната состојба во светски рамки.

6.2 Пружање на стручно-методолошка помош на здравствени работници и институции кои се вклучени во следење, дијагностика и терапија на карантински заболувања,

6.3 По епидемиолошки индикации ќе се врши епидемиолошко испитување на контактите и суспектните лица на колера (епидемиолошки и лабораториски извидување на евентуално загрозените подрачја на Републиката, испитувања на дијареални заболувања, водата за пиење, како и отпадни води, за што од теренот ќе бидат земани примероци за лабораториско испитување.

6.4 Координација на активности согласно Оперативниот план за справување со вирусот на западен нил (West Nile virus)
Индикатор: доставени информации за извршени епидемиолошки увиди , изготвени упатства, препораки и стандарди
Рок на известување: квартално

*7. Следење на грипот и други вирусни респираторни заболувања и лабораториско докажување*

7.1 континуирано ја следи состојбата во светски, европски рамки и регионално.За актуелната состојба во врска со грипот во Републиката и пошироко и редовно ќе ги известува МЗ и ДСЗИ и Центрите за јавно здравје,

7.2 Врши лабораториски испитувања за докажување на причинители на вирусни респираторни заболувања на 300 земени материјали

7.3 При евентуална појава на пандемија од нов тип на инфлуенца, ќе бидат земени материјали од првите 200 случаи за вирусолошка верификација и субтипизација на вирусот. Анализите ќе бидат извршени во референтната вирусолошка лабораторија при ИЈЗ.

Индикатор: Број на епидемиолошки увиди, изготвени информации, извештај за лабораториски анализи.
Рок на известување: квартално

Табела 2.1

| Центар за јавно здравје | Број на образовни установи | Санитарно хигиенски увиди | Број на годишни тестирани оброци | Број на годишни брисеви |
|---|---|---|---|---|
| Битола | 6 | 12 | 112 | 110 |
| Куманово | 10 | 20 | 80 | 100 |
| Кочани | 6 | 12 | 48 | 60 |
| Охрид | 5 | 10 | 40 | 50 |
| Прилеп | 5 | 10 | 40 | 50 |
| Скопје | 20 | 40 | 160 | 160 |
| Струмица | 6 | 12 | 48 | 60 |
| Тетово | 10 | 20 | 160 | 160 |
| Велес | 11 | 22 | 88 | 110 |
| Штип | 7 | 14 | 56 | 70 |
| Вкупно | 86 | 172 | 832 | 930 |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**458.**

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08,12/09,17/11, 47/11 и 53/11), министерот за економија, донесе

### У П А Т С Т В О
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТРАНСКИОТ ОРГАНИЗИРАН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

Член 1

Во Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет („Службен весник на РМ“ бр. 21/10 и 2/11), во членот 5, став 1 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија“.

Член 2

Во членот 6, став 1 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија“.

Член 3

Во членот 14, став 1 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија“.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-813/1
26 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Ваљон Сараќини**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**459.**

Врз основа на член 82, став (3) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕЧАТОТ, КАКО И СОДРЖИНАТА НА ЕТИКЕТАТА НА ТРУПОВИТЕ НА ГОВЕДАТА (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на означување, формата и содржината на печатот, како и содржината на етикетата на труповите од говеда.

Член 2

(1) Труповите се означуваат со печат и/или етикета

(2) Означувањето согласно овој правилник се врши во самите кланични капацитети.

(3) Означувањето со печатирање се врши со нанесување печат на надворешната страна на трупот користејќи небришливо и нетоксично масло.

(4) Печатите се нанесуваат на задните четвртини од трупот, на грбот во висина на четвртиот лумбален прешлен и на предните четвртини од трупот, на градите на околу 10 до 30 сантиметри од градната коска.

(5) Означување може да се врши и со етикета прикачена на трупот како единствен начин на означување или заедно со означувањето со нанесување печат. Етикетите се чуваат и се нанесуваат само во одобрените кланични капацитети.

(6) Етикетите треба да се заштитени од можно оштетување, да се отпорни на кинење и да се цврсто прикачени на секоја четвртина на местата наведени во ставот (3) од овој член.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата за утврдување на детални правила за примена на Регулатива (ЕК) бр. 1234/2007 на Комисијата во однос на пазарните стандарди за месо од говеда, свињи, овци и кози, CELEX бр. 32008R1249.

(7) Во случаи кога класификацијата се врши користејќи системи за автоматизирана класификација, се користат исклучиво етикети.

Член 3

(1) Печатот од член 2 став (3) на овој правилник има округла форма.

(2) Печатот во зависност од категоријта на труповите согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи, ги содржи следните ознаки:

- за категоријата (A, B, C, D и E) или потгатегорија (D1, D2 или D3) на говедскиот труп или половинка;

- за класата според меснатоста (S, E, U, R, O или P) на говедскиот труп или половинка;

- за подкласата според меснатоста (+ или -) на говедскиот труп или половинка;

- за класата според покриеноста со масно ткиво (1, 2, 3, 4 или 5) на говедскиот труп или половинка;

- за подкласата според покриеноста со масно ткиво (+ или -) на говедскиот труп или половинка и

- ознака за Идентификациски број на класификаторот.

(3) Буквите и бројките кои се користат за ознаките на печатот не треба да бидат помали од 2 сантиметри во висина.

Член 4

(1) Етикетата од членот 2 став (5) на овој правилник има квадратна форма со големина од најмалку 50cm2.

(2) Етикетата ги содржи ознаките од член 3, став (2) на овој правилник.

(3) Покрај ознаките од став (2) на овој член, етикетата ги содржи и следните податоци:

- бројот на одобрение на кланичниот капацитет;

- идентификацискиот или кланичниот број на животното;

- датумот на колење;

- масата на трупот и

- начинот на класификација на трупот (рачен или автоматизиран).

(4) Содржината на ознаките треба да е јасно читлива. На ознаките не треба да се вршат било какви измени, освен ако истите се јасно обележани на етикетата и извршени под надзор на официјален ветеринар.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Број: 08-10178/4
23 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**460.**

Врз основа на член 75, став (4) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ОБРАБОТКА НА ТРУПОТ ЗА ОЦЕНА КАКО И НАЧИНОТ И МЕТОДИТЕ НА ОДРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ СО КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ГОВЕДАТА И КЛАСИРАЊЕТО НА ТРУПОВИТЕ И ПОЛОВИНКИТЕ НА ГОВЕДАТА (*)**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на обработка на трупот за оцена како и начинот и методите на одредување на квалитетот со категоризација на говедата и класирањето на труповите и половинките на говедата.

Член 2

(1) За оцена на квалитетот и класирање, труповите или половинките од говеда примарно се обработуваат по искрвавувањето, вадењето на внатрешните органи-евисцерацијата и дерењето.

(2) Примарно обработениот труп или половинка од говедо е труп или половинка без глава и нозе, без органите од торакалната и стомачната празнина, без сексуалните органи и за нив врзаните мускули и без вимето и мамарната маст. Главата треба да е одвоена од трупот или полутката во атлоидо-окципиталниот зглоб, а нозете треба да се отстранети во карпо-метакарпалниот или тарзо-метатарзалниот зглоб.

(3) Примарно обработениот труп или половинка од говедо може да биде со или без бубрезите, бубрежната и пелвичната маст.

Член 3

(1) Одредување на квалитетот со категоризација на говеда и класирањето на труповите и половинките од говеда се врши со оценување на меснатоста (конформација) и покриеноста на трупот со масно ткиво (степен на масна обвивка).

(2) Одредувањето на квалитетот со категоризација на говеда и класирањето на труповите и половинките во соодветните класи со оценување на меснатоста (конформација) и покриеноста на трупот со масно ткиво (степен на масна обвивка) се врши врз основа на меснатоста и степенот на масна обвивка на профилите на труповите дадени во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Дополнително одредување на квалитетот со категоризација на говеда и класирање на труповите и половинките во соодветните класи со оценување на меснатоста (конформација) и покриеноста со масно ткиво (степен на масна обвивка) се врши врз основа на меснатоста на есенцијалните (основните делови) на трупот или половинката (бутот, грбот и рамената) и степенот на масна обвивка на надворешната страна на трупот и во градниот кош, дадени во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата за утврдување на детални правила за примена на Регулатива (ЕК) бр. 1234/2007 на Комисијата во однос на пазарните стандарди за месо од говеда, свињи, овци и кози, CELEX бр. 32008R1249.

Член 5

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да се применува Правилникот за квалитетот на месото од добиток за колење, од живина и од дивеч („Службен лист на СФРЈ “ бр. 34/74, 26/75 и 13/78).

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Број 08-10178/4
23 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.

## 1. МЕСНАТОСТ НА ПРОФИЛИ НА ТРУПОВИ И ПОЛОВИНКИ ОД ГОВЕДА

| Ознака (Класа на меснатост) | Критериуми за развиеност на профилите |
|---|---|
| **S** | Профилите екстремно конвексни, исклучителна развиеност на мускулите (труп од тип на двојна мускулатура) |
| **E** | Сите профили конвексни до супер конвексни, исклучителна развиеност на мускулите |
| **U** | Профилите во целост конвексни, многу добра мускулна развиеност |
| **R** | Профилите во целост прави, добра мускулна развиеност |
| **O** | Профилите прави до конкавни, просечна мускулна развиеност |
| **P** | Сите профили конкавни до многу конкавни, лоша мускулна развиеност |

## 2. СТЕПЕН НА МАСНА ОБВИВКА НА ТРУПОВИ И ПОЛОВИНКИ ОД ГОВЕДА

| Класа на масна обвивка | Критериуми за степенот на масна обвивка |
|---|---|
| 1 Ниска | Никаква до слаба покриеност со масна обвивка |
| 2 Слаба | Тенка масна обвивка, месото е видливо скоро секаде |
| 3 Средна | Месото со исклучок на бутот и плешката, скоро секаде е покриено со масна обвивка а има и тенки наслаги на маст во торакалната празнина |
| 4 Висока | Месото е покриено со масна обвивка, но на бутот и плешката е делумно видливо, а има забележителни наслаги на маст во торакалната празнина |
| 5 Многу висока | Целиот труп или полутка е покриена со масни наслаги и има значителни наслаги на маст во торакалната празнина |

## 3. МЕСНАТОСТ НА ОСНОВНИТЕ ДЕЛОВИ НА ТРУПОТ И ПОЛОВИНКАТА (БУТ, ГРБ, ПЛЕШКА)

| Ознака (Класа на меснатост) | Дополнителни одредби за развиеност на профилите | |
|---|---|---|
| S<br>Најдобра | Бут: многу високо заоблен, двојно мускулест, со видно изразени слоеви<br>Грб: многу широк и многу дебел сѐ до плешката<br>Плешка: многу високо заоблена | Внатрешната страна на бутот е значително изразена над симфизата (*symphisis pelvis*)<br>Колкот е многу заоблен |
| E<br>Одлична | Бут: многу заоблен<br>Грб: многу широк и многу дебел сѐ до плешката<br>Плешка: многу заоблена | Внатрешната страна на бутот е значително изразена над симфизата (*symphisis pelvis*)<br>Колкот е многу заоблен |
| U<br>Многу добра | Бут: заоблен<br>Грб: многу широк и многу дебел сѐ до плешката<br>Плешка: заоблена | Внатрешната страна на бутот е изразена над симфизата (symphisis pelvis)<br>Колкот е заоблен |
| R<br>Добра | Бут: добро развиен<br>Грб: дебел, но потесен кај плешката<br>Плешка: прилично добро развиен | Внатрешната страна на бутот и колкот се малку заоблени |
| O<br>Средна | Бут: просечно развиен до недоволно развиен<br>Грб: просечна дебелина до недоволна дебелина<br>Плешка: просечно развиена до скоро рамна | Колк: со прав профил |
| P<br>Слаба | Бут: слабо развиен<br>Грб: тесен, со виливи коски<br>Плешка: рамна, со виливи коски | |

## 4. СТЕПЕН НА МАСНА ОБВИВКА НА НАДВОРЕШНАТА СТРАНА НА ТРУПОТ И ВО ГРАДНИОТ КОШ

| Класа на масна обвивка | Дополнителни одредби за степенот на масна обвивка |
|---|---|
| 1<br>Ниска | Нема маснотии во градниот кош |
| 2<br>Слаба | Во градниот кош мускулот е јасно видлив меѓу ребрата |
| 3<br>Средна | Во градниот кош мускулот е сѐ уште видлив меѓу ребрата |
| 4<br>Висока | Значителна количина на слоеви масна обвивка на бутот. Во градниот кош мускулот меѓу ребрата може да е исполнет со масно ткиво |
| 5<br>Многу висока | Бутот е скоро наполно обвиен со масно ткиво, така што слоевите не се повеќе јасно видливи. Во градниот кош мускулот меѓу ребрата е исполнет со маснотии |

**461.**

Врз основа на член 97, став (6) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА МЕСНАТОСТА НА ТРУПОВИТЕ НА ЗАКЛАНИТЕ СВИЊИ (*)**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат методите за одредување на меснатоста на труповите на закланите свињи.

Член 2

(1) Процентот на месо (содржината на посно месо) во еден свински труп е односот помеѓу вкупната маса на црвени набраздени мускули кои се делливи со нож и масата на трупот.

(2) Одредување на меснатоста на труповите на закланите свињи се врши со статистички докажани методи на оценување на меснатоста (процентот на месо во трупот) со употреба на средства (апарати) за класирање (категоризација) кои базираат на физичко мерење на еден или повеќе анатомски делови од трупот на закланите свињи и обезбедуваат усогласеност во рамките на максималната толерантност за статистичката грешка при оценувањето.

(3) Вкупната маса на црвените набраздени мускули се добива со целосно или делумно расекување на трупот како што е наведено во Прилогот кој е составен дел на овој правилник, или со комбинација од целосно или делумно расекување со брз национален метод базиран на докажани статистички методи .

(4) Расекувањето од став (3) на овој член може да се замени со оценување на процентот на посно месо користејќи средства за целосно расекување со апарат за компјутерска томографија доколку се обезбедат задоволителни споредливи податоци од расекувањето.

(5) Стандардниот статистички метод за оценување на содржината на посно месо на свински трупови одобрен како метод за класификација е обичен метод на најмали квадрати или метод на намалено рангирање, но може да се користат и други статистички докажани методи. Методот се базира на репрезентативен примерок од националното производство на свинско месо, кој се состои од најмалку 120 трупови чија содржина на посно месо е потврдена во согласност со методите на расекување наведени во Прилогот. Ако се користат повеќекратни методи на земање примероци, референтата вредност се мери на најмалку 50 трупови, а прецизноста е најмалку еднаква на онаа која е добиена користејќи го стандардниот статистички метод на 120 трупа кој наведен во Прилогот.

Член 4

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за квалитетот на закланите свињи и категоризација на свинското месо („Службен весник на Република Македонија “ бр. 25/04).

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Број 08-10178/4
23 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата за утврдување на детални правила за примена на Регулатива (ЕК) бр. 1234/2007 на Комисијата во однос на пазарните стандарди за месо од говеда, свињи, овци и кози, CELEX бр. 32008R1249.

ПРИЛОГ

**Методи на расекување на трупот и утврдување на процентот на месо (содржина на посно месо) во трупот на закланите свињи**

1. Предвидувањето на процентот на месо во трупот се базира на расекување извршено во согласност со референтниот метод.

2. При делумно расекување, предвидувањето на процентот на месо во трупот базира врз основа на расекување на четири главни дела (плешка, слабина, бут и стомак). Референтниот процент на месо во трупот се пресметува на следниот начин:

$$Y = 0{,}89 \times 100 \frac{\text{маса на филе} + \text{маса на посното месо во плешката, слабината, бутот и стомакот}}{\text{маса на филе} + \text{маса на расечените делови}}$$

Масата на посното месо во четирите главни дела (плешка, слабина, бут и стомак) се пресметува со вадење на елементите (маст и коски) кои не се дел од посното месо (на четирите дела) од вкупната маса на деловите пред расекувањето.

3. При целосно расекување, референтниот процент на месо во трупот се пресметува на следниот начин:

$$Y = 100 \times \frac{\text{маса на посното месо}}{\text{маса на труп}}$$

Масата на посното месо се пресметува со вадење на вкупните не месни елементи (коски, маст) од вкупната маса на трупот на закланата свиња пред расекувањето. Главата со исклучок на образите, не се расекува.

**462.**

Врз основа на член 30 од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија " бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ДЕКЛАРИРАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ПЛАСИРАНИ НА ПАЗАРОТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува декларирањето и означувањето на другите производи за заштита на растенијата пласирани на пазарот.

Член 2

На оригиналното пакување на производите што се пуштаат во промет треба да стои декларација со следните податоци:

1. Трговскиот назив и заштитниот знак на производот;
2. Називот и адресата на носителот на решението за упис во регистарот за други производи за заштита на растенијата;
3. Назив и адреса на производителот;
4. Бројот на решението за упис во регистарот за други производи за заштита на растенијата и датум на негово издавање;
5. Типот на препаратот (на пример: гранули, прав или течност);
6. Состав на производот;
7. Видот на дејството на производот (на кои видови на растенија и целни штетни организми дејствува производот, време на користење, количеството во кое се применува производот, број на третирања, временско растојание меѓу третирањата) и начинот на користење;
8. Можни влијанија на ефикасноста на производот;
9. Времетраење на каренцата;
10. Дополнителни предупредувања и известувања за заштита на луѓето и животната средина;
11. Мерки за заштита на лицата кои ракуваат со производите и вршат нивна апликација, со наведување на бараната заштитна опрема; знаци на труење и мерки за прва помош кај луѓето;
12. Класификација во согласност со прописите за класификација кои се соодветни на прописите на ЕУ;
13. Датум на истекување на рокот на употреба на производот (месец и година) и сериски број;
14. Нето количеството на производот (нето маса или нето волумен на производот во единица амбалажа);
15. Начин и услови на складирање и чување на производите;
16. Видливо предупредување „Пред употреба на производот задолжително да се прочита упатството за примена";
17. Начин на миење на амбалажата, опис на постапката за чистење на уредите за примена,постапување со остатоците од производот и празната амбалажа;
18. Упатство за постапување во случаи на ненамерно испуштање на производот во животната средина;
19. Упатство за комбинирање со други препарати и нивна компатибилност; и
20. Други дополнителни податоци за производот, доколку се потребни.

Член 3

Декларацијата може да биде отпечатена на амбалажата или да биде приложена кон пакувањето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" .

Бр. 17-548/5
јануари 2012 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**463.**

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/10 и 136/11), министерот за здравство, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ТРАДИЦИОНАЛНА И КОМПЛЕМЕНТАРНА МЕДИЦИНА, АКТИВНОСТИ НА КОЖА (КОРИСТЕЊЕ НА СОЛАРИУМИ, ТРАЈНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ВЛАКНА И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА НЕГА И РАЗУБАВУВАЊЕ) ИЛИ АКТИВНОСТИ СО КОИ СЕ ПРОДИРА ВО КОЖАТА (ТЕТОВИРАЊЕ, ПИРСИНГ, ТРАЈНА ШМИНКА И АКУПУНКТУРА, УПОТРЕБА КОРИСТЕЊЕ НА БОТОКС, НЕХИРУРШКА ЛИПОСУКЦИЈА И КОРИСТЕЊЕ НА ЛАСЕР)**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за издавање дозвола за вршење на работи поврзани со традиционална и комплементарна медицина, активности на кожа (користење на солариуми, трајно отстранување на влакна и други активности за нега и разубавување) или активности со кои се продира во кожата (тетовирање, пирсинг, трајна шминка и акупунктура, употреба користење на ботокс, нехируршка липосукција и користење на ласер).

Член 2

Барањето од членот 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање за издавање дозвола за вршење на работи поврзани со традиционална и комплементарна медицина, активности на кожа или активности со кои се продира во кожата" на хартија во бела боја со формат А4, даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член содржи:

- назив на органот до кој се поднесува барањето, односно Министерство за здравство;
- податоци за подносителот на барањето, односно име и презиме, адреса, ЕМБГ и телефон за контакт за физичко лице или назив, име и презиме на основачот или на овластеното лице од правното лице кое го поднесува барањето, седиште, ЕМБС и телефон за контакт за правно лице;
- наслов на барањето;
- краток опис на содржината на барањето;
- адреса на објектот во кој се бара дозволата;
- место и датум на поднесување на барањето;
- потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-467/1
20 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров**, с.р.

**Прилог бр. 1.**

*до*

**Министерството за здравство**

*од*

______________________________________________

______________________________________________
***БАРАТЕЛ***
*(а) доколку барател е физичко лица: име и презиме на физичкото лице*
*(б) доколку барател е правно лице: целосен назив на правното лице*
*и име и презиме на основачот или на овластеното лице од правното лице кое го поднесува барањето*

______________________________________________
***АДРЕСА**, односно **СЕДИШТЕ***
*(а) доколку барател е физичко лице: адреса на живеење*
*(б) доколку барател е правно лице: седиште на правното лице*

__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__
***ЕМБГ** (кога барател е физичко лице), односно **ЕМБС** (кога барател е правно лице)*

______________________________________________
***телефон** за контакт*

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА**
**за вршење на работи поврзани со традиционална и комплементарна медицина, активности на кожа или активности со кои се продира во кожата**

Барам издавање дозвола за вршење на следните работи, односно активности *(се заокружува потребното)*:

а) работи поврзани со традиционална и комплементарна медицина;

б) активности на кожа и тоа:

1. користење на солариуми
2. трајно отстранување на влакна
3. други активности за нега и разубавување

в) активности со кои се продира во кожата и тоа:

1. тетовирање
2. пирсинг
3. трајна шминка и акупунктура
4. употреба користење на ботокс
5. нехируршка липосукција
6. користење на ласер

Работите и активностите барам да ги вршам во објектот кој се наоѓа на следната адреса:

______________________________________________
*се наведува адресата на објектот: општина, населено место (град или село), улица и број*

барател

______________________
*место и датум*

______________________
*потпис на барателот*

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**464.**

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 16/2011 и 136/11), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/2010 и 55/11), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати ("Службен весник на РМ" бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 30.01.2012 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 40,992 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 42,420 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 43,506 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 43,154 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 36,882 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 79,50 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 81,50 |
| б)Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 70,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 59,50 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 45,043 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 79,00 | 78,50 | 78,00 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 81,00 | 80,50 | 80,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 70,00 | 69,50 | 69,00 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 59,00 | 58,50 | 58,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 0,080 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 0,890 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 0,890 |

| | | |
|---|---|---|
| б) Дизел гориво | | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | | до 0,300 |
| в) Масло за горење | | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | | до 0,300 |
| г) Мазут | | ден/кг |
| - М-1 НС | | до 0,740 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 21,711 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 21,978 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 12,210 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 3,230 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,100 |

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 31.01.2012 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02 -143 /1
30 јануари 2012 година
Скопје

Заменик претседател,
м-р **Рухи Бакију**, с.р.

Службен весник на Република Македонија
www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2012014